По разнишани скалила: За човековите права и **КОВИД-19** во Северна Македонија по дерогирањето од Европската конвенција за човекови права

Скопје, Април 2020

Институт за европска политика. Скопје

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

Уредничка:
Д-р Симонида Кацарска

Авторка:
Билјана Котевска

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, Април 2020

Оваа публикација е овозможена со поддршка на програмата на ЦИВИКА мобилитас. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

СОДРЖИНА:

Вовед 04

Основ за дерогацијата 06

Обем на дерогацијата 10

Траење и прекин на дерогацијата 12

Следење на дерогацијата 13

Потребни чекори 15

ВОВЕД

По загриженоста за влијанието на новата вирусна инфекција која доби пандемичен размер врз достапноста и пристапноста на здравствените услуги[1] (вклучително и абортусот[2] и менталното здравје[3]), работничките права[4] (вклучително и на новинарите[5]), корупцијата,[6] правата на лицата лишени од слобода[7] и на жртвите на трговија со луѓе и експлоатација,[8] како и влијанието врз родовата еднаквост,[9] вклучително и преку очекуваниот пораст на семејното насилство,[10] од пред неколку дена дојде и (можеби) очекуваниот, но вреден за преиспитување, чекор. Имено, Северна Македонија дерогираше[11] од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)[12] во врска со вонредната состојба воведена поради ширењето на КОВИД-19.[13] До моментот на затворање на овој текст, Генералниот секретар на Советот на Европа имаше примено известување за дерогации и од Албанија, Ерменија, Естонија, Грузија, Латвија, Молдавија, Романија и Србија.[14]

1 Истражувачка репортерска лабораторија, „КОВИД-19 тестови: Право или привилегија во време на пандемија" (02.04.2020), https://irl.mk/video-kovid-19-testovi-pravo-ili-privilegia-vo-vreme-na-pandemia/
2 ХЕРА, „Што треба да знаеме за абортусната грижа за време на КОВИД-19" (06.04.2020), https://hera.org.mk/abortusnata-grizha-za-vreme-na-kovid-19/?fbclid=IwAR3XkIPTVQRWWqaqbprZrZ1ykdFyMANZXzO37z6OXd9h8wJmlHAzoXl6qLA
3 Иво Куновски, „Грижа за менталното здравје: Справување со социјална дистанца, карантин и изолација", Медуза (18.03.2020), https://meduza.mk/fem-101/grizha-za-mentalnoto-zdravje-spravuvanje-so-sotsijalna-distantsa-karantin-i-izolatsija/
4 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, „Инфографик: Работничките права во време на коронавирусот (10 март – 31 март)", https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/1-infographic-mkd.pdf?fbclid=IwAR0mqmqcXBkuGJcJOqkfbW3Ut1HvRwkGlEYkVVbYECduuTJqCaNAp21nvFc
5 Здружение на новинари на Македонија, „ССНМ и ЗНМ: Отпуштање новинари не смее да биде прва мерка за справување со кризата" (01.04.2020), https://znm.org.mk/сснм-и-знм-отпуштање-новинари-не-смее-д/?fbclid=IwAR0b3TTMAo2EwS7o-PeXuCMZtP7F7t6plf86vYp0bXdOkxyvwPd3foI00vo
6 Платформата на граѓански организации за борба против корупција, „Заедничко соопштение на ДКСК и Платформата на граѓански организации за борба против корупција" (08.04.2020), http://antikorupcija.mk/mk/record.php?id=1191&mv=3&fbclid=IwAR3JKkuNA6WIqytCCYSAOHMI9F96e6zxnxVlO8aDKvywHDsR01qRo7UOEgE
7 Македонско здружение на млади правници и Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија „Известување до јавноста за поднесени препораки до надлежните институции за заштита на лицата лишени од слобода во услови на пандемија на вирусот КОВИД 19", *Македонско здружение на млади правници* (01.04.2020), https://myla.org.mk/2020/04/известување-до-јавноста-за-поднесени/
8 Ла Страда, „Влијанието на COVID-19 врз заштитата на правата на жртвите на трговија со луѓе и експлоатација" (нд), http://lastrada.org.mk/vli-anieto-na-covid-19-vrz-zashtitata-na-pravata-na-zhrtvite-na-trgovi-a-so-lu-e-i-eksloataci-a/?fbclid=IwAR1FtXcVSTdsYoG1NjjrtCPP8pn7hVgE6pxtzgfniZZjMceA9SOnKGMTqu4
9 Центар за истражување и креирање политики, „Covid 19 и родот" (23.03.2020) http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/Covid-19-и-родот.pdf?fbclid=IwAR0jmvVFX03hzmucEnQdwRrBsGLjrtIFxaFhQD4DHmxuByrecnREIDpwgzc
10 Националната мрежа за насилство врз жени и семејно насилство, „Соопштение за медиуми: Зголемен ризик од семејно и интимно партнерско насилство во период на вонредна состојба" (19.03.2020), http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/19-03-2020-soopshtenie-za-mediumi-zgolemen-rizik-od-semejno-i-intimno-partnersko-nasilstvo-vo-period-na-vonredna-sostojba/?fbclid=IwAR0EsPm27iu9WWEFLVFowuPRJn0isSxN8w5qKWdWWKHJ1FQfk368LIVPWqQ ; Калиа Димитрова, „ „Дома" не е безбедно за сите", *Медуза* (20.03.2020), https://meduza.mk/fem-101/doma-ne-e-bezbedno-za-site/
11 Council of Europe - Directorate of Legal Advice and Public International Law, Note Verbale, JJ9021C Tr./005-232, (02.04.2020), https://rm.coe.int/16809e1288
12 Европска конвенција за човекови права (1950 година согласно Протоколите број 11 и 14 со протоколите број 1, 4, 6, 7,12, 13 и 16; верзија на македонски јазик), https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
13 Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба, *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр.68 (18.03.2020).
14 Council of Europe, Reservations and Declarations for Treaty No.005 - Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms - Declarations in force as of today (Status as of 08/04/2020), https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/005/declarations?p_auth=qX42QIL0

Ова се чини како сосема очекуван, следен чекор откако земјата прогласи вонредна состојба. Но, сметаме дека е важно да се има предвид дека значењето, оценката и последиците од дерогирањето ќе зависат не само од осмисленоста и начинот на кој е изведен првичниот потег – поднесувањето на известувањето за дерогацијата,[15] туку и од сите понатамошни чекори кои земјата ќе ги преземе од сега па до денот кога ќе ја прекине дерогацијата. Ова ќе бидат елементи на кои Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) ќе се фокусира кога ќе ги разгледува случаите кои ќе ги добие поврзано со мерките кои ги презеле или не ги презеле државите за време на КОВИД-19-кризата. Но, дополнително и еднакво важно, како што укажува и Агенцијата за фундаментални права на Европската Унија (ФРА), оваа криза ќе постави нов предизвик и за домашните судови кои ќе треба да ја проценат неопходноста и пропорционалноста на воведените мерки во случаите поврзани со овие мерки.[16]

Поради тоа, тука ќе се осврнеме на неколку точки во врска со оваа дерогација: основот за дерогација, обемот на дерогацијата, нејзиното траење и прекин. Овој текст го затвораме со неколку предлог чекори кои сметаме дека е важно да се преземат во врска со оваа дерогација, а кои се засновани во обврските на државата според оваа конвенција од кои не може да се дерогира и се поврзани со тоа што државата има обврска да го направи за нас, а не на нас.[17] Во период кога поради сериозноста на ситуацијата и опасноста по здравјето и животот на луѓето очекувано постои голема јавна поддршка за рестриктивни мерки и за ограничување на дел од човековите права[18] одговорноста на Владата со воведените мерки да не ги надминува границите на законското, пропорционалното и неопходното е уште поголема.

До сега, во врска со КОВИД-19-кризата, за дерогации од ЕКЧП известија:

- ***Албанија,***
- ***Ерменија,***
- ***Естонија,***
- ***Грузија,***
- ***Латвија,***
- ***Молдавија,***
- ***Романија,***
- ***Северна Македонија***
- ***Србија.***

15 Council of Europe - Directorate of Legal Advice and Public International Law, Note Verbale, JJ9021C Tr./005-232, Council of Europe (02.04.2020), https://rm.coe.int/16809e1288
16 Fundamental Rights Agency, 'Coronavirus Pandemic in the EU — Fundamental Rights Implications (01 February – 20 March 2020)' (April 2020), https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2020-coronavirus-pandemic-eu-bulletin-1_en.pdf
17 Оваа паралела ја повлекувам од Наташа Мавроникола („to do to us rather than for us"). Извор: Natasha Mavronicola, 'Positive Obligations in Crisis', *Strasbourg Observers* (07.04.2020), https://strasbourgobservers.com/2020/04/07/positive-obligations-in-crisis/
18 European Union Agency for Fundamental Rights, 'Coronavirus pandemic in the EU - Fundamental Rights Implications - Bulletin 1' (April 2020), https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2020-coronavirus-pandemic-eu-bulletin-1_en.pdf, 14.

ОСНОВ ЗА ДЕРОГАЦИЈАТА

Основ за дерогацијата

Сите договорни страни имаат неспорна можност врз основа на ЕКЧП да дерогираат од определени обврски кои произлегуваат од оваа конвенција на определено време и под определени услови. Според член 15 „Дерогирање во случај на вонредна состојба“, оваа можност им стои на располагање во случај на „војна или некоја друга општа опасност, која го загрозува животот на нацијата“,[19] но таа треба да биде ползувана на „ограничен начин и со надзор“ (анг. ‘limited and supervised manner’)[20] и не смее да ги вклучи членовите 2 (право на живот),[21] 3 (забрана на тортура), 4(1) (забрана на ропство и принудна работа), 7 (нема казна без закон), 4 од Протокол 7 (осуда и казна два пати за истото дело), како и Протокол 13 (особено член 2) и Протокол 6 (особено член 3).

Членот 15 предвидува материјални и процедурални услови со цел дерогацијата да се смета за допуштена.[22] Постојат три главни материјални услови:

19 Членот 15 „Укинување во случај на вонредна состојба“ гласи:
„1. Во случај на војна или некоја друга општа опасност, која го загрозува животот на нацијата, секоја Висока страна договорничка може да презема мерки кои отстапуваат од обврските предвидени со оваа Конвенција, и тоа строго во согласност со барањата што ги наложува ситуацијата и под услов таквите мерки да не бидат во спротивност со другите обврски што произлегуваат од меѓународното право.
2. Претходната одредба не дозволува какво и да е отстапување од членот 2, освен во случај на смрт настаната како последица на дозволени воени операции, како и од членовите 3, 4 (став 1) и 7.
3. Секоја Висока страна договорничка, која го користи ова право на отстапување, е должна, за преземените мерки и за причините што го предизвикале нивното преземање, целосно да го информира Генералниот секретар на Советот на Европа. Таа, исто така, е должна да го извести Генералниот секретар на Советот на Европа за датумот кога престанала важноста на таквите мерки и повторно почнала целосната примена на одредбите од Конвенцијата.“

20 European Court of Human Rights, Guide on Article 15 of the European Convention on Human Rights Derogation in time of emergency (Updated December 2019), https://www.echr.coe.int/Documents/Guide_Art_15_ENG.pdf

21 Освен за случаи на смрт во околности на законски-оправдана војна.

22 Robin C A White and Clare Ovey, *Jacobs, White & Ovey*: The European Convention on Human Rights (OUP, 5th edition, 2010).

Основ за дерогацијата

(1) **Вонредност:** Потребно е да се утврди постоење на вонредност која го загрозува животот на нацијата. Ова е дефинирано во првиот случај кој беше одлучен од ЕСЧП – случајот *Лолес против Ирска* како „исклучителна ситуација на криза или итност која што го погодува целото население и претставува закана за организираниот начин на живот на заедницата од која е составена државата".[23] За овој елемент Судот најчесто ја прифаќа оценката на државата, според некои судии од овој суд можеби дури и преотворено.[24] Досега, во само еден случај се случило да биде одбиен аргументот на државата дека постоела вонредност и дека, всушност, станувало збор за делување со лоша намера од страна на државата.[25]

(2) **Стриктно потребна:** Воведените мерки мора да се стриктно потребни, ценето наспроти специфичностите на ситуацијата. Во *Аксој против Турција* Судот утврдил дека овој елемент на „Европски надзор" ќе се спроведува според околностите на ситуацијата, при што предвид ќе бидат земени природата на правата погодени од дерогацијата и околностите кои довеле до истата, како и нејзиното траење.[26] Оценувајќи дали мерките се стриктно потребни Судот ќе оценува дали тие се (i) неопходни (анг. necessary) за справување со заканата по живот на нацијата, (ii) пропорционални, т.е. не се поголеми од тоа што е потребно во конкретната ситуација, и (iii) со соодветно траење т.е. штом прекинала потребата за воведување на мерките истите биле прекинати. Дополнително, потребно е и воведените мерки да се преземени како одговор на вонредната ситуација и во таа насока и да се оправдани, како и да се воведени мерки против можна злоупотреба на истите.[27]

(3) **Законитост:** Мерките мора да се во согласност со другите обврски на државата според меѓународното право, т.е. да нема конфликт помеѓу други постојни обврски на државата според ова право, или според обичајните норми на ова право.

23 Lawless v Ireland (1979-80) 1 EHRR 1.
24 Џејкобс, Вајт и Ови го посочуваат издвоеното мислење на судијата Волш во Браниган и МекБрајд против Обединетото Кралство како пример. Извор: Robin C A White and Clare Ovey, *Jacobs, White & Ovey*: *The European Convention on Human Rights* (OUP, 5th edition, 2010).118.
25 David John Harris et al, *Harris, O'Boyle & Warbrick*: Law of the European Convention on Human Rights (OUP, 4th edition, 2018), стр.814.
26 Aksoy v Turkey (1997) 23 EHRR 553.
27 Robin C A White and Clare Ovey, *Jacobs, White & Ovey*: The European Convention on Human Rights (OUP, 5th edition, 2010).119-220.

Процедуралниот услов е формален или јавен чин на дерогирање и известување до Генералниот секретар на Советот на Европа за дерогирањето врз основ на член 15, причините за истото, мерките преземени како последица на дерогирањето, како и известување за крај на дерогирањето. Временската рамка за поднесување на известувањето не е утврдена во членот 15. Во *Лолес* Судот утврдил дека ова треба да е направено „без одлагање".[28] Во конкретниот случај, известување по 12 дена од донесувањето на домашната одлука се сметало во согласност со барањето за вакво известување. Важно е да се наведе и дека оценката на мерките се дава со следење на развојот на контекстот, односно таа ќе вклучи преглед на состојбата пред и по донесувањето на мерките, многу мала толеранција за ретроактивност и барање за нивно задолжително укинување штом околностите за нивно воведување прекинале.[29]

Дали во услови на КОВИД-19 дерогацијата од ЕКЧП е потребна или пожелна или и двете е прашање на кое многу се дебатира овие денови.[30] Според Алан Грин, ова е „најблиску што ќе дојдеме до 'идеална вонредна состојба' – токму онаа ситуација за која [членот 15] беше составен. ... неискористување на можноста според членот 15 ЕКЧП носи ризик за нормализирање на исклучителната моќ и перманентно рекалибрирање на заштитата на човековите права по надолен пат."[31] Канстантин Дециару, пак, смета дека правата во ЕКЧП, како што се утврдени, се доволно флексибилни за прилагодување во сегашната КОВИД-19-криза. Дополнително, тој смета дека сега повеќе од било кога е потребно „да се бара одговорност од властите и да се стави граница ... на давањето на нови екстензивни овластувања на извршните власти."[32] Се чини дека консензус постои само за тоа дека обемот на последиците од сегашните (не)дерогирања ќе го знаеме најрано за неколку години од сега, кога првите случаи во врска со КОВИД-19-кризата ќе почнат да стигаат пред судот.

28 Lawless v Ireland (1979-80) 1 EHRR 1, 62.
29 Џејкобс, Вајт и Ови, стр.122.
30 Стразбург Обзерверс отвори анкета на темава и досегашниот резултат укажуваат дека мислењата засега се поделени помеѓу опциите „дерогацијата не е ниту неопходна ниту пожелна" и „дерогацијата е неопходна и пожелна". Извор: https://strasbourgobservers.com/2020/04/02/to-derogate-or-not-to-derogate-poll-on-emergency-covid-19-measures/
31 Alan Greene, 'States should declare a State of Emergency using Article 15 ECHR to confront the Coronavirus Pandemic', Strasbourg Observers (01.04.2020), https://strasbourgobservers.com/2020/04/01/states-should-declare-a-state-of-emergency-using-article-15-echr-to-confront-the-coronavirus-pandemic/
32 Kanstantsin Dzehtsiarou, 'COVID-19 and the European Convention on Human Rights', Strasbourg Observers (27.03.2020), https://strasbourgobservers.com/2020/03/27/covid-19-and-the-european-convention-on-human-rights/

Основ за дерогацијата

Северна Македонија дерогираше од член 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот), член 11 (слобода на собирање и здружување), член 2 од првиот Протокол (право на образование) и член 2 од Протокол бр.4 (слобода на движење).

Северна Македонија ја искористи можноста за дерогација според членот 15. На триесеттата седница Владата ја усвои „ Информацијата за потребата од известување до Генералниот секретар на Советот на Европа за отстапување на Република Северна Македонија од одредени членови на Европската конвенција за човекови права, согласно чл.15 од конвенцијата, а како последица на пандемијата COVID-19."[33] Покрај повторувањето на основот за воведување на вонредна состојба, односно КОВИД19 пандемијата, Владата специфично ја наведува „заштитата на здравјето... [како] легитимна основа за ограничување на наведените права со цел да се овозможи да се преземат мерки за справување со сериозните ризици по здравјето на населението или на поодделни делови на населението, под услов да бидат: засновани врз закон, неопходни во демократско општество и посебно насочени кон превенција на болест или грижа за болни лица."[34]

Во известувањето до Генералниот секретар на Советот на Европа, Владата навела дека е нужно да отстапи од дел од обврските според член 8 (право на почитување на приватниот и семејниот живот), член 11 (слобода на собирање и здружување), член 2 од првиот Протокол (право на образование) и член 2 од Протокол бр.4 (слобода на движење).[35]

33 Влада на Република Северна Македонија, „ Од 30-тата седница на Владата: Земјите од регионот и ЕУ договорија зелени коридори за олеснување на транспортот и трговијата на примарни производи" (27.03.2020) https://vlada.mk/node/20774

34 Влада на Република Северна Македонија, „ Од 30-тата седница на Владата: Земјите од регионот и ЕУ договорија зелени коридори за олеснување на транспортот и трговијата на примарни производи" (27.03.2020) https://vlada.mk/node/20774

35 Council of Europe - Directorate of Legal Advice and Public International Law, Note Verbale, JJ9021C Tr./005-232, *Council of Europe* (02.04.2020), https://rm.coe.int/16809e1288

ОБЕМ НА ДЕРОГАЦИЈАТА

Оваа можност за дерогирање не е без ограничувања.[36] Резолуцијата 2209 (2018) на Парламентарното собрание на Советот на Европа служи како добра водилка за тоа кои се границите во кои ваквото дерогирање треба да се случи.

Она што се чини најтешко да се утврди во случајот на дерогирањето од ЕКЧП на Северна Македонија е пропорционалноста на мерките. Имено, мерките се носат во врска со КОВИД-19 и со цел заштита на јавното здравје. Но, за ретко која мерка е наведено конкретно зошто истата се носи и каква е процената на донесувачите на одлуки за влијанието од донесувањето на оваа мерка. Она што ја прави оценката за пропорционалноста дополнително тешка е фактот што станува збор за нов вирус, па со тоа и не се знае доволно за начините за негово ширење, иако постојат првични научни наоди за подолгата издржливост на истиот надвор од жив домаќин.[37] Поради ова, лесно е да се посегне по генерално оправдување на сите мерки што значат задржување на луѓето подалеку едни од други. Но, ваквата генерална мерка може диспропорционално да погоди посебни групи, на пример оние кои се приматели на нега по различни основи. Таа исто така може да го ограничи потенцијалот на заедницата за помош и поддршка во рамки на истата, а кој може да се ползува и понатаму доколку се почитуваат другите мерки за спречување на ширење на заразата. На пример, помошта при снабдување со храна и лекови за повозрасните лица преку поддршка од заедницата.

Но, ваквото оддалечување не ги погодува сите луѓе исто. Мерките се генерални и ретко прилагодени за потребите на конкретни групи. Во досега објавените и јавно достапни документи не може да се идентификува дали и како е направена проценката за влијанието на мерките, генерално и врз конкретни групи (ниту како се избрани групите за кои ќе се прави посебна проценка). Со ова се отежнува следењето на тоа дали воведените мерки биле стриктно потребни.

36 Parliamentary Assembly of the Council of Europe, 'Resolution 2209 (2018) State of emergency: proportionality issues concerning derogations under Article 15 of the European Convention on Human Rights', https://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-EN.asp?fileid=24680&lang=en

37 Centers for Disease Control and Prevention, 'How COVID-19 Spreads' https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/faq.html#how-covid19-spreads

Дополнително, постапување во согласност со ЕКЧП значи дека покрај мерките кои вклучуваат забрани (на пример, генерални или специфични ограничувања на правото на слободно движење), потребно е државата да воведе и мерки со кои ќе пружи соодветна заштита. Ова вклучува таргетирана заштита (на пример, заштитна опрема за лица кои се изложени на вирусот), но и генерална заштита, преку ефективен и недискриминаторски пристап во врска со кризното планирање и зголемена здравствена заштита.[38]

Недискриминаторски пристап во кризното планирање не значи само отсуство на директно дискриминирање, туку и обврска за воведување на различни перспективи при правењето на проценка за влијанието и ефективноста на мерките. Вообичаено, во нормални (некризни) услови, донесувачите на одлуки припаѓаат на групи кои не се дел од најмаргинализираните групи, а во кризни услови ваквото исклучување дополнително ескалира,[39] при што многу групи и нивните потреби се наоѓаат исклучени. На пример, мерките за ограничување на движењето може да не го земат предвид здравствениот статус на определени групи на лица за кои пешачењето е дел од предвидената терапија за определена здравствена состојба. Дополнително, веќе преземените обврски за воведување на етничка,[40] родова[41] перспектива како и перспектива од аспект на попреченоста[42] се уште повеќе важни во оваа ситуација. На ова мора да се додаде и социјалниот и личниот и општествен статус, а поради големите последици кои оваа криза ги има и се очекува да ги има врз економијата. Поради ова, потребно е нивно обединување и воведување на интерсекциски пристап кон планирањето, спроведувањето, мониторирањето и евалуирањето, како и прекинувањето на мерките, а цел да се минимизира можноста за диспропорционален негативен ефект кон најмаргинализираните во општеството. Овој пристап може и треба да вклучи и други перспективи, без разлика колку мал број луѓе да се проценува дека ќе бидат погодени (на пример, мигрант(к)ите). Со воведување на интерсекциска перспектива кон кризното планирање во врска со КОВИД-19 ќе се избегне мерките да се донесени од лицата во позиција на моќ за корист на лицата во позиција на моќ. На пример, обмислување на мерки кои вклучуваат давање на финансиска помош, а кои ќе се фокусираат само на бизнисите. Ова значи и чекор кон почитување на обврската на државата да го познава обемот на проблемот (во случајов – причината за дерогацијата) најдобро што може, со цел да може и да тврди дека реагирала соодветно и недискриминаторски во дадената ситуација.

38 Natasha Mavronicola, 'Positive Obligations in Crisis', *Strasbourg Observers* (07.04.2020), https://strasbourgobservers.com/2020/04/07/positive-obligations-in-crisis/
39 Julie Lafrenière, Caroline Sweetman and Theresia Thylin, 'Introduction: gender, humanitarian action and crisis response', 27 Gender and Development 2 (2019), 187-201, 187-188.
40 Пред сè, со Охридскиот рамковен договор.
41 Пред сè, домашната законска и стратешка рамка.
42 Пред сè, со пристапувањето кон Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

ТРАЕЊЕ И ПРЕКИН НА ДЕРОГАЦИЈАТА

Траење и прекин на дерогацијата

Генералниот секретар кога истата започнува и кога завршува. Ова траење треба да е соодветно на целта за која се вовела, односно штом прекинала потребата за истата таа треба да биде прекината. Во случаите како тие опфатени со членот 15 несомнено ќе стане збор за воведување на повеќе мерки. Овој критериум се однесува на сите нив, односно траењето на секоја поединечна мерка треба да е оправдано.

Дерогацијата мора да прекине штом прекине постоењето на околностите поради кои истата е вложена. Секое продолжување на воведените мерки после потребата за истите е непотребно и ќе се смета за неоправдано според ЕКЧП. Оправданоста на траењето и потребата за прекин не ја вклучува само општата дерогација, туку и секоја мерка посебно.

СЛЕДЕЊЕ НА ДЕРОГАЦИЈАТА

Потребата од детално следење и зголемена транспарентност во врска со дерогацијата во оваа ситуација доаѓа и од отсуството на механизам кој би го следел доследното дерогирање. Имено, други авторки и автори веќе укажаа на намалениот институционален капацитет на Советот на Европа за следење на дерогациите. ЕСЧП веќе функционира со намалена активност[43] и по политика на приоритети,[44] а под знак прашање се и можноста за вакво надгледување од Венецијанската комисија за владеење на првото и на Генералниот секретар на Советот на Европа.[45]

Повикувањето на транспарентност значи и транспарентност во врска со дерогирањето од ЕКЧП. Овој инструмент е можеби најважниот инструмент кој граѓанките и граѓаните на оваа земја го имаат на располагање за заштита на нивните човекови права, а поради тоа што ова е инструмент кој на глобално ниво ужива углед на еден од најефективните механизми за заштита на човекови права, но и поради намалениот капацитет на домашното правосудство да испорача правда за прекршувањата на човековите права. Секое ограничување или одземање на правото на заштита во врска со оваа конвенција е потребно да биде јасно објавено и објаснето. Тоа не беше случај со оваа дерогација. Информацијата беше вклучена во соопштението за одржаната седница на Владата, но не беше направено повеќе од ова за да се запознае јавноста дека државата пријавува до судот во Стразбур дека, за овој период, не може да ни ги гарантира приватниот и семејниот живот, правото на образование, слободата на собирање и здружување и слободата на движење.[46]

43 European Court for Human Rights, 'Press Release: Current activities at the ECHR during the global health crisis' (27.03.2020), http://hudoc.echr.coe.int/eng-press?i=003-6670996-8872788
44 European Court for Human Rights, 'The Court's Priority Policy', https://www.echr.coe.int/Documents/Priority_policy_ENG.pdf
45 Kushtrin Istrefi, 'Supervision of Derogations in the Wake of COVID-19: a litmus test for the Secretary General of the Council of Europe', *EJIL* (06.04.2020), https://www.ejiltalk.org/supervision-of-derogations-in-the-wake-of-covid-19-a-litmus-test-for-the-secretary-general-of-the-council-of-europe/?utm_source=mailpoet&utm_medium=email&utm_campaign=ejil-talk-newsletter-post-title_2
46 Council of Europe - Directorate of Legal Advice and Public International Law, Note Verbale, JJ9021C Tr./005-232, *Council of Europe* (02.04.2020), https://rm.coe.int/16809e1288

Следење на дерогацијата

Потребна е целосна транспарентност во врска со потребата, основот, целите, обемот и траењето на воведените ограничувања. Во оваа насока, особено значаен ќе биде извештајот кој Владата треба да го подготви и поднесе до Претседателот на истекот на 30те дена од прогласената вонредна состојба. Овој извештај треба да даде придонес особено кон појаснувањето на целите на секоја од мерките поединечно, но и како кластери о целина, што е еден од елементите за кои досега не е јасно известено во јавноста. Притоа, треба да се има предвид дека пропорционалноста и неопходноста се елементи кои треба да бидат запазени за целото времетраење на дерогацијата. Од воведувањето на интерсекциска перспектива кон справувањето со кризата ќе произлезе и потреба за воведување на оваа перспектива и во рамки на механизмите за следење на дерогацијата. Ова значи зголемување на способноста на системот да ги препознае и да ги земе предвид, како и да одговори на различните ризици на кои различни лица се изложени.

ПОТРЕБНИ ЧЕКОРИ

Обезбедување на принципот на недискриминација преку воведување на интерсекциски пристап:

Со цел минимизирање на можноста за диспропорционален негативен ефект кон најмаргинализираните во општеството, потребно е воведување на интерсекциски пристап кон планирањето, спроведувањето, мониторирањето, евалуирањето и прекинувањето на мерките. Ова е особено важно, покрај за самите лица кои би биле повеќе погодени од воведените мерки споредено со другите, и затоа што пропорционалноста на мерките ќе биде еден од критериумите според кој ќе се оценува дерогирањето при евентуалните идни случаи кои би пристигнале до ЕСЧП. Организациите од граѓанскиот сектор, кој е активен и во овој период,[47] може да помогнат со идентификувањето на можни препреки или посебности во врска со мерките за конкретните групи со кои работат и да даде конкретни предлози за нивно прилагодување. Дополнително, потребно е веќе постојните принципи да се почитуваат и во оваа ситуација, а кризниот аспект не може да биде изговор за занемарување или ставање на страна на некои од тековните обврски, како што се, на пример, родовиот мејнстриминг, односно со земање предвид на родовата перспектива, или пристапноста и вклученоста на лица со попреченост. Со воведување на ваков интерсекциски пристап ќе се испочитува обврската за недискриминаторско постапување при преземањето на мерки во рамки на оправданото дерогирање.

Стриктна еволутивност, пропорционалност и респонзивност на мерките:

Мониторирање и ре-евалуација на мерките и, по потреба, нивно прилагодување или прекинување. Постојаното следење овозможува не само носење на заклучоци за тоа дали воведените мерки го даваат очекуваниот резултат, туку и дали има потреба за нивно прилагодување или прекинување. Одржувањето на сила на мерки за кои прекинала потребата нема да се смета за оправдано според ЕКЧП.

47 Програмата Цивика Мобилитас покрена база каде може да се следат активностите на граѓанските организации во врска со КОВИД19: https://civicamobilitas.mk/covid-19/

Потребни чекори

Транспарентност како за воведувањето на мерките, нивната цел, така и за нивното следење:

Потребно е известување за околностите во врска со дерогирањето на јасен, недвосмислен и транспарентен начин. Ова вклучува известување за целта или целите кои се сака да се постигнат со поединечните мерки, како и проценката на државата за пропорционалноста, стриктната потребност и законскиот основ за истите. Транспарентност во врска со следењето на спроведувањето на мерките е потребна со цел да се има преглед врз континуираната потреба од нивно постоење.

Запознаеност со проблемот:

Државата има обврска да го познава проблемот и сите негови околности најдобро што може со цел да ги дизајнира и спроведе правилно мерките со кои би се остварила целта поради која првично беше дерогирано од ЕКЧП. Се разбира, ова вклучува познавање преку постапување кое би било во рамките на дозволеното според Конвенцијата. На пример, ова може да вклучи спроведување на тестирање во обем и на начин на кој таа би ги собрала потребните податоци со цел да ја пружи заштитата, како според своите обврски.